Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и Статутарните одлуки за изменување и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 13/14, 3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на повторна:

**Јавна анкета и Јавна презентација**
**на Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт С3 16,**
**Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за градска четврт С3 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје, е дефиниран со границите на четвртта С3 16, одредени со ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на **северозапад**: по оска на ул. „Црногорска" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **североисток**: по оска на Бул. „Илинден" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **исток**: по оска на ул. „Ацо Шопов" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **југ**: по оска на Бул. „Партизански Одреди" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022) и
- на **запад**: по оска на Бул. „Македонска Војска" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022).

Вкупната површина на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за градска четврт С3 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје, изнесува **47,389 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Повторната Јавна анкета ќе трае **5** работни дена од **03.09.2021 год.** до **10.09.2021 год.**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на повторна јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт С3 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје ќе биде изложен во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од **08:00 до 15:00 часот**.
- Соопштението за организирање на повторна јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **06.09.2021** год. во **14:00 часот** во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **06.09.2021** год. во **14:15 часот** во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Број 05-1459/5
од 30.08, 2021 година
Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Наумоски**